**Одговор на Приговорот за избор на наставник по наставните предмети Цртање, Цртање со сликарство во Факултетот за уметности на Тетовскиот универзитет**

Приговориот кон рефератот за избор на наставник по наставните предмети Цртање, Цртање со сликарство во Факултетот за уметности на Тетовскиот универзитет, внимателно беше разгледан од страна на членовите на Рецензентската комисија составена од: проф. Целил Руфати - претседател, проф. Агрон Абдули - член и проф. Зенун Шерифи – член и истата го дава следниот Одговор во форма на текстуален извештај:

1. Кандидатот М-р Верим Зендели тврди дека Рецензентската комисија не ја составила правилно евалуацијата со табларни поени.

Рецензентската комисија под целосна одговорност изјавува дека табеларниот прилог на рефератот за избори е составен во согласност со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, образовно-стручни звања и звања на соработници и асистенти-докторанти во Државниот универзитет во Тетово бр. 02-3702/1 од 12.06.2014 год.

2. Кандидатот тврди дека се пријавил со сета потребна документација на конкурсот објавен од страна на Тетовскиот универзитет.

Рецензентската комисија при проверка на документацијата, утврди дека од тројцата кандидати пријавени на конкурсот само кандидатката м-р Дренуша Палоши аплицирал со сета потребна документација согласно конкурсот. М-р Верим Зендели не поседува магистерски труд во оригинал со печат на Факултетот за уметности на Приштинскиот универзитет или потписи на членовите на комисијата за одбрана на магистерската тема. Оваа забелешка е забележана и во извештајот објавен во Билтенот на Универзитетот.

3. Кандидатот м-р Верим Зендели тврди дека неправедно му се доделени 42 поени на кандидатката м-р Дренуша Палоши за, како што вели, одржување на предавања.

Рецензентската комисија ја оценува како неоснована поради фактот што според потврдата што ја поседува кандидатката м-р уште од 2015 година, континуирано била ангажирана од страна на Универзитетот како соработник по предметот Цртање каде што држела само вежби. Истото се забележува и во анекс прилогот на рецензентскиот извештај каде што и се пресметани во согласност со Критериумите за избор во наставно-научн, образовно-стручни, наставни звања и соработници како и Правилникот за избор во, наставно-научни звања. М-р м-р Дренуша Палоши е единствената кандидатка која ги исполнува условите **- искуство во наставно-образовна дејсност, уметничко-стручна активност и стручно-апликативна активност**, како и го достигнала потребниот број на поени за да биде избрана во наставно-научно звање **доцент** по предметот Цртање.

Кандидатот кој што поднел приговор не го исполнува основниот критериум за избор во наставно звање предвидено со **член 164** од Законот за високото образование, како што се "Критериумите за избор во наставано-научни, наставно-стручни, наставни звања и соработници:

1 - стекнато образование,

2 - резултати од научно-истражувачка работа

3 - **резултатите и искуството во наставната дејност и подготовка на нов наставен и научно-истражувачки кадар и член 167** за доцент, вонреден и редовен професор по научно-уметнички предмети може да се избере и лице без научен степен доктор на науки кој што завршил соодветно високо образование, односно достигвнувања кои што имаат основно значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од државава, **како и вештини за наставна работа**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно горенаведеното, Рецензентската комисија смета дека Приговорот на кандидатот м-р. Верим Зендели е неоснован. Рецензентската комисија во состав: проф. Џелил Руфати - претседател, проф. Агрон Абдули - член и проф. Зеннун Шерифи - член, има посебна чест уште еднаш да му предложи на Ректоратот на Советот, кандидатот м-р **Дренуша Палоши** да биде избран во наставно-научно звање **доцент** по предметите **Цртање, Цртање со сликарство** во Факултетот за уметности на Тетовскиот универзитет.

**Тетово, 11.12.2018**

**Рецензентска комисија**

Проф. Џелил Руфати

Проф. Агрон Абдули

Проф. Зенун Шерифи